КАНАЛ 5 ТВ

ВО ЖИВО

11:00 - ВЕСТИ 〉 11:10 - ЗЕВЗЕКМАНИЈА (РЕПРИЗА) 〉 12:00 - МАКЕДОНСКИ ПРИ

МАКЕДОНИЈА

# Владина седница за младинските политики

**Владата на Република Македонија денеска ќе одржи тематска седница посветена на младински политики кои Владата ги имплементира и ќе ги имплементира во иднина.**

Прегледи:
373

На оваа седница, како што соопшти владината прес-служба, и претходеа серија отворени координативни средби, организирани и координирани од страна на Агенцијата за млади

Сподели

Сподели

Like

На седницата, покрај младинските политики кои ги имплементира Владата, заедно со претставници на младинските организации, ќе бидат разгледани доставените предлог – политики, посветени на унапредување и подобрување на животот на младите во земјава. /МИА

СВЕТ

# Полицијата во Шведска убила момче со Даунов синдром

**Шведската полиција во центарот на Стокхолм убила момче со Даунов синдром, кој покрај себе имал пиштол играчка, јавуваат локалните медиуми.**



КАНАЛ 5 ТВ

ВО ЖИВО

Прегледи:

424

03 август 2018, 10:22

Сподели

Сподели

Полицијата пукала во 20 годишниот Ерик Торел, реагирајќи на “опасна ситуација“.

Инцидентот се случил вчера откако полицијата реагирала на дојава за маж кој има пиштол, јавува „БиБиСи“.

Полицијата побарала од момчето да го предаде “оружје“, што овој го одбил, па поради тоа припадниците на безбедносните сили пукале во него.

Семејството соопштило дека пријавено било неговото исчезнување откако и после неколку часа не се вратил дома.

Мајката на Ерик, Катарина Содерберг изјави дека пиштолот играчка бил подарок, а синот го опишала како „најљубезната и најфината личност на светот“.

Мајката изјавила дека момчето имало само тешки ментални проблеми, и оти освен Дауновиот синдром боледувало и од еден облик на аутизам и дека не можел правилно да зборува. Според нејзините зборови тој единствено и најчесто го користел зборот “мама“.

# Големо невреме во Словенија има повредени

**Најмалку четири лица се повредени во силното невреме што синоќа ја погоди Словенија.**



Прегледи:

851

03 август 2018, 10:00

Словенечките медиуми јавија дека молња удрила на подрачјето на Велика планина кај Камник при што биле повредени четири лица.

Едно лице е потешко повредено, а три полесно, од кои две добиле изгореници од струјниот удар.

Сподели

Сподели

МАКЕДОНИЈА

# Два запалени автомобили во Скопје

**Два автомобили рано утринава беа запален во Скопје.**



Прегледи:
808

03 август 2018, 09:55

Како што информира Противпожарната бригада на град Скопје, во гасењето на првиот автомобил што бил запален на улицата „Дурмиторска“ бр 8а учествувало едно противпожарно возило со четири пожарникари. Пожарот, од кој била предизвикана штета од 150.000 денари, бил локализиран во периодот од 2:35 до 3:35 часот.

Второто возило било запалено на улицата „Мирослав Крлежа“ 6б и во неговото гасење во периодот од 4:05 до 5:10 часот утринава, исто така, учествувало едно противпожарно возило со четворица пожарникари. Штетата што е предизвикана од вториот пожар засега е неутврдена. /МИА

Сподели
Сподели

КАНАЛ 5 ТВ

ВО ЖИВО

Канал 5 © 2018 Приватност За нас
Маркетинг

Facebook Twitter RSS Контакт